# Советодавна служба за палијативна нега 1800 360 000

**7 наутро – 10 навечер, седум дена во недела**

**www.pcas.org.au        advice@mh.org.au**

**Советодавната служба за палијативна нега е место каде што можете да разговарате со медицинска сестра или доктор специјализирани за палијативна нега, за кој и да е аспект на болест што го ограничува животот.**

**Службата е достапна за сите, секаде во Викторија.**

**Таа е за луѓето кои имаат некоја состојба што го ограничува животот и за луѓето кои им помагаат. Таа е за семејства, пријатели или соседи. Исто така, таа е за доктори, медицински сестри и други здравствени работници и даватели на услуги.**

## Ние може да помогнеме за прашања како што се:

- Како палијативната нега може да му помогне на лицето на кое му давам поддршка?
- Каде може да најдам информации како да се стане негувател?
- Како да ја најдам вистинската служба за палијативна нега?
- Што може да направам за да си ги намалам болките? Мачнината? Тешкото дишење?
- На што треба да мислам и што да планирам?
- Како со мојот давател на здравствена нега да разговарам за палијативната нега?

## Преведување

Јавете се на 131 450 и побарајте да ве поврзат со 1800 360 000.

## Лица кои се глуви, со попречен слух или говор

Ве молиме јавете се на National Relay Service на 13 36 77 и побарајте да ве поврзат со 1800 360 000.

## На давателите на здравствена нега може да им помогнеме за прашања како што се:

- Справување со симптоми
- Препишување лекови
- Наоѓање на соодветна служба за палијативна нега
- Претворање на лекови од орална форма во инјекции
- Постојана подкожна инфузија (syringe drivers)
- Одлучување и планирање на идна нега.

## Што службата не може да прави?

Ние не можеме да даваме рецепти, упати или да ја замениме негата на локалните даватели на здравствена нега.

Викториската советодавна служба за палијативна нега е финансирана од Министерството за здравје и социјални служби, спроведувана од Royal Melbourne Hospital и поддржана од Викториската влада. Ова е бесплатна услуга во доверба за сите во Викторија.

Palliative Care Advice Service_Macedonian

VICTORIA State Government | Health and Human Services